**2021053771**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 март 2021 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/19 и 236/19), во членот 3 во ставот (1) по зборовите „закуп на простор“ се додаваат зборовите „(физички или виртуелен)“.

Во ставот (3) износот „620.000“ се заменува со износот „1.200.000“.

Член 2

Во членот 4 во ставот (1) по зборовите „промотивен простор“ се додаваат зборовите „(физички или виртуелен)“, а по зборовите „за промоција)“ се додаваат зборовите „и трошоци за ангажман на стручни лица за презентација,“.

Член 3

Во членот 5 ставот (1) во алинејата 7 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 8 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 8 се додава нова алинеја 9 која гласи:

„-трошоци за електронска платформа за домашна и интернационална промоција и продажба на земјоделски производи и преработени земјоделски производи (закуп на интернет простор, одржување на сервер за воспоставување на Б2Б портал, изработка и публикување на веб страна, промотивни видеа, онлајн промоција и хибридна промоција).“.

Во ставот (7) во алинејата 4 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 5 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- 15.000 денари за освоен сребрен медал на регионален натпревар.“

По ставот (8) се додава нов став (9) кој гласи:

„(9) Максималниот износ за техничката поддршка од став (1) алинеја 9 на овој член изнесува 100% од вредноста на трошоците по корисник согласно средствата обезбедени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.“

Ставовите (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (10), (11), (12) и (13).

Во ставот (13) кој станува став (14) зборовите „алинеи 7 и 8“ се заменуваат со зборовите „алинеи 7, 8 и 9“.

Член 4

Во членот 8 ставот (1) во алинејата 1 по зборовите „повеќегодишни насади,“ се додаваат зборовите „заштитени простори,“, а сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- за набавка на опрема за лабораториски анализи за квалитет и безбедност на храна.“

Во ставот (2) износот „3.000.000“ се заменува со износот „12.000.000“.

Член 5

Во членот 11 во ставот (1) зборовите „, член 8“ се бришат.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Средствата за техничка поддршка од член 5 став (1) алинеи 7, 8 и 9 на оваа уредба ќе се реализираат по доставен предлог за користење на техничка поддршка и склучен договор помеѓу Министерството и економските партнери на Министерството“.

Ставот (8) се менува и гласи:

„Средствата за техничката поддршка од член 8 став (1) алинеи 1, 2 и 3 од оваа уредба ќе се реализираат по доставен предлог за користење на техничка поддршка и склучен договор помеѓу Министерството и корисниците од член 8 став (3) од оваа уредба.“

Во ставот (13) по зборовите „член 8“ се додаваат зборовите „алинеи 1 и 2“.

Член 6

Во членот 12 во ставот (1) зборовите „алинеи 4, 7 и 8“ се заменуват со зборовите „алинеи 4, 7, 8 и 9“.

Во ставот (2) во точката 5 по зборовите „Финансиски план на трошоците“ се брише запирката и се додаваат зборовите „со детална спецификација на трошоци,“.

Во точката 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 6 се додава нова точка 7 која гласи:

„7. Доказ за пријавени најмалку 20 учесници/изложувачи на локалната манифестација/саемот“.

По ставот (10) се додава нов став (11) кој гласи:

„(11) За техничката поддршка од член 5 став (1) алинеја 9 од оваа уредба субјектите покрај документите од ставовите (2) и (3) на овој член доставуваат и финансиски документи за закуп на електронска маркетинг платформа за промоција и продажба на земјоделски производи и преработени земјоделски производи“.

Член 7

Во членот 13 во ставот (2) бројот „8“ се брише.

Во ставот (9) зборовите „член 3, член 5 став (1) алинеи 4 и 7,“ се бришат.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-2904/1
2 март 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.